


# ИЗВЕШТАЈ ОД СЛЕДЕЊЕТО НА МЕДИУМСКИТЕ СОДРЖИНИ

23 НОЕМВРИ - 18 ДЕКЕМВРИ 2015

## 11.КАНАЛ 5

***„Вести“***

Во известувачкиот период од 23 ноември до 18 декември 2015 г. ТВ Канал 5 објави вкупно 263 прилози кои се однесуваат на политичките актери. Најмногу внимание месецов телевизијата им посвети на ***(1)*** Новите проекти на Владата на РМ (26 прилози и уште 5 прилози за локални проекти, кај што претставници од Владата беа гости), ***(2)*** Преговорите за медиумите (13 прилози), ***(3)*** Ветото за домашното задолжување (7 прилози), ***(4)*** Анкетна комисија за аферата со прислушувањето (6 прилози), ***(5)*** Комплетирањето на составот на Државната изборна комисија (4 прилози), ***(6)*** Аферата со лажни лични карти (4 прилози), ***(7)*** Блокадата на Ректоратот поради сечењето на дрвјата на кампусот на УКИМ (3 прилози), ***(8)*** Аферата за работењето на министерството за внатрешни работи (2 прилози).

Во најголемиот дел од известувањето (57 прилози) на овие теми беше забележан фаворизирачки однос кон ВМРО-ДПМНЕ и дистинктивно интензивен и фреквентен демонизирачкиот однос кон СДСМ (34 прилози). ТВ Канал 5 според оваа анализа на врамувањата на политичките актери е медиум чија што информативна програма репродуцира популистички дискурс, наликувајќи на владин ПР билтен.

Коментари и оценки во вестите: Во текот на известувачкиот период на ТВ Канал 5 беа објавени мноштво извештаи кои се неаргументиран напад на опозицијата (47 прилози) или пак фаворизирање на владеачката ВМРО-ДПМНЕ (113 прилози). Оваа практика ги нарушуваа професионалните принципи на непристрасност и фер однос кон актерите во политичката арена. Повеќе од половината од објавите содржат коментари и оценки (99 прилози) за политичките субјекти направени од новинарите и од уредниците и во оваа телевизија. Соодносот меѓу содржините што се позитивни и фаворизирачки за власта наспроти тие што се негативни и демонизирачки за опозицијата е два наспрема еден. И ТВ Канал 5 не се разликува многу од известувачката стратегија на ТВ Сител и ТВ Алфа. Исклучително дистинктивен пропагандистички однос кон содржините кои ја промовираат владата и ВМРО-ДПМНЕ и нескриено демонизирачки став кон опозицијата, наспроти професионалните стандарди. Експресивноста во демонизирачките пораки поврзани со опозицијата е за нијанса поблага од она што може да се забележи на ТВ Алфа, но сепак таа линија во известувањето на ТВ Канал 5 и според фреквентноста и според реториката е исклучително силна. Типот на прилози кои ги произведува и ги објавува ТВ Канал 5 од една страна наликуваат на партиски или владин билтен кој ја фаворизира владата, а од друга страна таа конструира екстензивно дискурси на демонизација на опозицијата.

Новинарските конструкти можат да се систематизираат во неколку точки:

**(1)** Највоочливи се прилозите со нерагументиран коментаторски тон кои експлицитно и навивачки, конструираат наратив дека која Владата е моторот на растежот на македонската економија кој овозможува многу странски инвестиции и кој отовра нови работи места. На пример прилозите: „За оваа 2015 година, за само првите 11 месеци, растот од 26 отсто е повеќе од позитивен и покажува дека споменатата бројка ќе биде далеку надмината“ (06.12.2015), „Секоја инвестиција во земјава ќе значи подобар стандард за граѓаните, поголем извоз и подобри резултати за македонската економија...“ (07.12.2015), „Кинеските инвеститори ги привлекува добрата бизнис клима и ниските трошоци за бизнис во Македонија“ (26.11.2015).

**(2)** Дистинктивни се и прилозите кои се однесуваат на инвестиции во здравствениот сектор и грижа за младите, а кои произведуваат наратив во кој ВМРО-ДПМНЕ се грижи за јавното добро. На пример „Во современ дом ќе живеат 76 прилепски семејства. Наскоро социјални станови и во Македонски Брод и во Кочани“ (02.12.2015), „Поликлиниката „Јане Сандански“ доби компјутерски томограф вреден 19 милиони денари набавен од Владата“. (29.11.2015). „Власта со изненадување и за средношколците... Мерките се со цел да ја зголемат мобилноста на младите, да го подигнат нивото на забава и да го помогнат развојот на културниот сегмент...Младите и повозрасните ги поздравија овие мерки“ (08.12.2015).

**(3)** Конечно, караткеристични се прилозите кои ја демонизираат опозицијата: „Заев им објави војна на највлијателните медиуми. И граѓаните ја прочитаа неговата намера“ (02.12.2015), „Ветото најавено од

заменикот министер од редовите на СДСМ, Кире Наумов, крие опасност да предизвика нестабилност во економијата“ (30.11.2015), „Поповски индиректно ги потврди информациите објавени во медиумите минатите денови кои што се однесуваа на тоа кои се предлозите на СДСМ кои беа оценети како скандалозни во јавноста“ (30.11.2015) „За Попоски деструктивното делување на опозицијата, која не бира средства за да дојде на власт, потценувајќи го и навредувајќи го сопствениот народ, е ништожно“(05.12.2015), „Иако неговиот партиски шеф не ги признава ниту судовите и нивните наредби, портпаролот на СДСМ Шилегов излезе со обвинувања за денешното непојавување на Груевски во Собранието“ (најава на прилог, 9 декември), „Милошоски: СДСМ би тргувал со националните интереси само за да дојде на власт“ (Најава на прилог, 26.11.2015).

(75 прилози), кога се најавува нов проект на Владата или кога се пренесува говор на нејзин функционер. Најчести се прилозите кога се користат два или повеќе извори со слични или еднострани позиции, и тие случаи се пред се` кога двајца или повеќе функционери на ВМРО-ДПМНЕ најавуваат проект или ги коментираат своите економски резултати (28 прилози). На пример, Зоран Ставрески и Никола Груевски „намалувањето на невработеноста е резултат на владините политики“ (12 декември), Никола Груевски и Коце Трајановски, „продолжување на булеваротПартизански одреди“ (16 декември). Прилозите во кои изворите имаат различни или спротивставени ставови главно се однесуваат на политичките преговори или на работата на анкетната комисија за прислушувањето, каде што се пренесуваа ставовите на членовите од двете партии. И Канал 5 има тенденција да користи неименувани извори во прилозите (6 прилози).

Дирек тни обраќ ањ а: Во известувачкиот период на Канал 5 се забележани вкупно 71 тонски пренесени изјави на лидерите на партиите - 57 обраќања на Груевски и 9 на Заев. Застапени се уште и претседателот Ѓорге Иванов со три обраќања, и со по едно лидерите на ГРОМ Стевчо Јакимовски и на Титови леви сили, Слободан Угриновски. Речиси и да нема директни обраќања на претставници на албанските политички партии. Ова упатува на сериозно нарушување на принципот на избалансираност, дотолку повеќе што врамувањето на директните обраќања на ВМРО е позитивно а на СДСМ негативно.

Аудиовиз уелна презентација : Главен тип на аудиовизуелна манипулација беше емитувањето содржини што се од промотивен карактер за власта и за владејачката партија, како прилози во вестите („заменик-министерот Ванчо Костадиновски од Свети Николе најави големи поволности за земјоделците“, 17 декември), или

вклучувањето на највисоките политички претставници на власта во соопштувањето технички информации (премиерот Никола Груевски лично најави дека продолжува рокот за легализација на дивоградбите, 12 декември). Исто така имаше и манипулативно толкување на анкетата на „Брима Галуп“ во повеќе прилози, во која се нагласуваше дека повеќе од 70 отсто од Македонците веруваат дека ВМРО-ДПМНЕ има поголема поддршка меѓу граѓаните. Тоа се претставуваше како разлика во популарноста меѓу Груевски и Заев, иако прашањето било во што испитаникот верува, а не каков е неговиот личен став.

**Емисии**

Во набљудуваниот период од 1-14 декември 2015 се емитуваа две изданија на емисијата *„Миленко лејт најт шоу“* со водителот Миленко Неделковски. Во двете изданија немаше примери на говор на омраза или експлицитен негативен говор кон група. Во второто набљудувано издание на Миленко Лејт најт шоу емитувано на 11 декември гостин е актуелниот министер за транспорт и врски Владо Мисајловски, а емисијата е снимена на локации надвор од студиото. Теми на разговор се „градежната офанзива“ и економските проекти на владата на Никола Груевски, па емисијата содржеше исклучително јасна позитивна и фаворизирачка кампања за Груевски.